РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Дирекција за технолошки индустриски
развојни зони
Бр. 02-1261/1
04.11.2020 год.
СКОПЈЕ

# УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони врз основа на член 15 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/2007, 103/2008, 130/2008, 139/2009, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18) и член 18 став 1 точка 32 од Статутот на Дирекцијата за ТИРЗ на својата осумдесет и петта електронска седница одржана на ден 04.11.2020 година донесе:

# УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

## I. Основни одредби

Со ова Упатство се уредува начинот на спроведување на постапките за јавни набавки во Дирекцијата за ТИРЗ.

## II. Барање за потреба и отпочнување на постапка за доделување на договор за јавна набавка

Со цел отпочнување на постапка за јавна набавка Раководителите на секторите согласно своите потреби до Одделението за јавни набавки испраќаат во хартиена форма (со потпис) барање за потреба и отпочнување на постапка за доделување на договор за јавна набавка (Формулар 1).
Барањето за потреба и отпочнување на постапка за доделување на договор за јавна набавка (Формулар 1) ги содржи сите потребни податоци и пропратни документи (техничка спецификација, проектна програма, скици, слики, модел на договор и сл) за изготвување на Одлуката за потреба и тендерската документација..
Раководителите на секторите за јавната набавка за која имаат потреба го пополнуваат во целост Барањето за потреба и отпочнување на постапка за доделување на договор за јавна набавка (Формулар 1) и истото го испраќаат/доставуваат во хартиена форма (со потпис) заверено преку архива до Одделението за јавни набавки.
Јавната набавка за која се испраќа барање за отпочнување и спроведување на истата треба да биде предвидена во Годишниот план за јавни набавки.

## III. Изготвување на акти потребни за спроведување на јавната набавка

Одделението за јавни набавки ја изготвува Одлуката за потреба од јавна набавка по добиено Барање за потреба и отпочнување на постапка за доделување на договор за јавна набавка од страна на раководителите на секторите.

Во Одлуката за потреба од јавна набавка се назначува комисија за јавни набавки, која доследно ќе ги применува одредбите од Законот за јавни набавки.
Одделението за јавни набавки врз основа на Одлуката за потреба од јавна набавка и добиеното Барање за потреба и отпочнување на јавна набавка од страна на раководителот на секторот во соработка со Комисијата за јавната набавка изготвува тендерска документација, и го објавува огласот за јавна набавка.
Комисијата за јавната набавка согласно Одлуката за потреба од јавна набавка ја отпочнува и спроведува постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно Законот за јавните набавки.
Врз основа на изготвениот Извештај од спроведената постапка од страна на Комисијата, Одделението за јавни набавки изготвува одлука за избор на најповолен понудувач/поништување на постапката.
По конечноста на одлуката Директорот склучува договор за јавна набавка во рок утврден со Законот за јавни набавки.

**IV. Извршување (реализација) на договорот**

По потпишување и заверка на Договорот од двете договорни страни примерок (копија) од Договорот за јавна набавка од страна на архивата во Дирекцијата се предава во Секторот од каде е доставено барањето за спроведување на постапката, заради контрола и следење на реализација на истиот.

Доколку во текот на реализацијата на договорот се појави потреба од измена на истиот, лицето кое ја следи реализацијата на договорот доставува до Одделението за јавни набавки барање со детално образложение согласно одредбите од Законот за јавни набавки за потребата од изменување на договорот.

**V. Завршни одредби**

Ова Упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

Директор
Александар Младеновски

-----------------------------

Претседател на Управен Одбор
Виктор Андонов

-----------------------------

**Формулар 1**

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

Сектор за ------------------------------------------

бр.___/___ од ______20___ година

**ДО:** Сектор за Правни работи и јавни набавки

- Одделение за јавни набавки

**БАРАЊЕ ЗА ПОТРЕБА И ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА**

Во согласнот со член _____ од Закон за јавните набавки (Службен весник на РСМ бр. _____), и согласно Планот за јавни набавки со бр. ___-___/___ од ___.___.20___ година, Ве молиме да изготвите Одлука за потреба од јавна набавка.

**1. Предмет на договор за јавна набавка**:

-----------------------------------------------------------.

Делива набавка Да/Не

**2. Образложение за набавката (детално образложение - причина поради потребата од јавната набавка)**:

____________________________________________________________________________

------------------------------------------------------------------------------------------

Согласен да се отпочне и спроведе набавката:

Раководител на сектор за _______________

**3.** Вид на договорот за јавна набавка:

**УСЛУГИ/РАБОТИ/СТОКИ:**

**4.Предвиден износ на средства (Проценета вредност без ДДВ и посебно искажан ДДВ во износ и во процент/и)**: ------ ,00 денари без ДДВ, износ на ДДВ:---------,00 денари; износ на ДДВ во проценти 18%.

Објавување на проценета вредност Да/Не

**5. Вид на постапка за спроведување на јавна набавка**:------------------------.

Оваа постапка да заврши со спроведување на електронска аукција/да не се спроведе електронска аукција.

**6. Критериуми за доделување на договор за јавна набавка:** Критериум за доделување на договорот за јавна набавка е

Најниска цена/економски најповолна понуда/ најниска цена со користење на пристапот на исплатливост.

Елементи на критериумот економски најповолна понуда се:

- Цена ----- бодови
- Квалитет ------ бодови

За елементот цена утврдени се вкупно ---- бодови. При тоа цената на понудата ќе се пресметува како вкупна цена без данок на додадена вредност, при што најмногу бодови ќе добие понудата која има најниска цена.

За елементот квалитет се утврдени вкупно ---- бодови и истиот се состои од следниве поделементи и тоа:

**7. Услови за квалитативен избор на економските оператори**

- Способност за вршење професионална дејност на економскиот оператор
- Економска и финансиска состојба на економскиот оператор
- Техничка или професионална способност на економскиот оператор
- Стандарди

**8.** Предвиден рок на испорака на стоките / за извршување на услугата / за завршување на работите:

**9. Времетраење на договорот за јавна набавка:**

**10. Начин и услови на плаќање:**

Се предвидува следниов начин на плаќање:

**11. Начин и место на извршување на предметот на договорот за јавна набавка:**

**12. Договорни услови-**

Договорни обврски на Договорниот орган и Договорни обврски на ЕО (во прилог на барањето да се приложи модел – нацрт договор)

**13. Прилог на барањето:**

- Технички спецификации
- Модел – нацрт договор
- Проектна задача
- Скици/слики

**БАНКАРСКИ ГАРАНЦИИ**

Гаранција на понуда/Изјава за сериозност на понуда.------%

Банкарска гаранција за квалитетно извршување на договор.Да/Не --------%

Изработил: